Ве информираме дека 12-14 % од планираниот број на жители се ученици во Основно образование, а 10% се ученици во Средно образование. Според меѓународните стандарди најголемо растојание од место на живеење до училишен објект е од 500 до 800 м.

Во случај на планирање дополнителна или резервна површина за наменска зона со Класа на наменаВ1-образование и наука задолжително да биде на земјиште во државна сопственост.

Во случај да не се планира наменската зона со класа на намена В1 во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Министерството за образование и наука нема да презема никаква одговорност, ниту идни финансиски обврски за дообезбедување на земјиште за изградба/доградба на Основно училиште, а воедно напоменуваме дека согласно Законот за основното образование и Законот за средното образование, основното и средното образование се задолжителни.

Со почит,

По овластување на Министер
Државен советник за капитални инвестиции
Наташа Хаџи-Лега

Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

бр. 12-8/188

Скопје, 13.05.2020 година

До: **ИН-ПУМА ДОО Скопје**

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. 0301-187/2 од 12.05.2020 година
(e-urbanizam, постапка бр. 28944)

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација/**за изработка на**

УПС ЕРЕКОВЦИ - Општина Прилеп

при што утврдија дека планскиот опфат / објектот се наоѓа **вон зоните** на било кој аеродром, леталиште или воздухопловен уред, односно во планскиот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилно воздухопловство и истиот **може да се планира без посебни ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.
Напоменуваме дека доколку во планскиот опфат се планира изградба на:

- издвоени антенски столбови со височина поголема од 15м, или
- оцаци со височина поголема од 30м, или
- ветерници, или
- други објекти со височина поголема од 100м,

потребно е со планот да се задолжи инвеститорот до Агенцијата за цивилно воздухопловство да достави соодветна проектна документација (Архитектонско урбанистички проект или Основен проект) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно *член 68 став (2) од Законот за воздухопловство.*

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

DUSHAN POPCHEVALIEV
Digitally signed by DUSHAN POPCHEVALIEV
Date: 2020.05.13 09:38:31 +02'00'

Душан Попчевалиев
(по овластување од Директорот бр.02-248/1 од 12.02.2016 година)

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

Наш број: 1404-1688/ 2
Скопје: 27.05.2020 г.

ДО:
ИН –ПУМА
бул.„К.Ј.Питу“ бр. 19/6-9
1000 Скопје

Предмет: Одговор за барање за податоци за ТК инсталации
Врска: Ваш број :0301-187/1 преку е-урбанизам

Согласно вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи, а во врска со изработка на УПС ЕРЕКОВЦИ со разработка на Блок - Општина Прилеп, према доставената ситуација, во прилог ви доставуваме податоци со кои во моментов располага Агенцијата за електронски комуникации.

Прилог:
-Податоци на изградени јавни
Електронски комуникациски мрежи- во електронска форма

Сектор за телекомуникации

Изработил: Б.Илиоска
Раководител на сектор:Борис Арсов

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ДИРЕКТОРОТ:
Синиша Апостоловски

АЕК-401.03

www.aek.mk
ул.Кеј Димитар Влахов 21
1000 Скопје
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

EVN Group

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-1671/7-107 од 12.05.2020
Скопје

Одговорно лице: Драган Николоски

Контакт телефон: 02 3205 300 – 41 308

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 0301-187/2 од 12.05.2020 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на ПИМ за УПС ЕРЕКОВЦИ - Општина Прилеп, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

Во дадениот опфат/локација имаме:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☒ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☒ 10(20)kV Надземна мрежа

☐ 0.4kV Подземна мрежа
☒ 0.4kV Надземна мрежа

☒ Друго Во опфатот има планирано изградба на нова 10(20)kV подземна мрежа.

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Доколку при изведбата на работите е потребна дислокација на електроенергетските објекти и постројки на ЕВН Македонија АД Скопје инвеситорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација. Во случај на настанување на штета на електроенергетските објекти, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на ЕВН Македонија АД Скопје

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Makedonski Telekom CA, DRAGAN NIKOLOSKI

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, DRAGAN NIKOLOSKI
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, ou=ELEKTRODISTRIBUCIJA DOOEL SKOPJE, 4080016560608, serialNumber=CRT3563903, cn=DRAGAN NIKOLOSKI
Date: 2020.05.22 14:58:43 +02'00'

EVN Group

Датум: 18.05.2020



Makedonski Telekom CA, DRAGAN NIKOLOSKI

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје

Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811

Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814

Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813

Ф: + 389 (0) 2 3 111 160

www.mepso.com.mk

До

ИН ПУМА
Булевар К.Ј. Питу 19/6-9 Скопје

Бр.11-3729/1

21.05.2020

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање 0301-187/1 од 13.05.2020 година,(наш број 11-3729 од 19.05.2020 година) за податоци и информации потребни за изработка на **УПС ЕРЕКОВЦИ со разработка на Блок - Општина Прилеп,** Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Ангела Георгиевска

Проверил: Весна Чингоска

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

Македонски Телеком АД-Скопје
Кеј 13 Ноември бр.6, 1000 Скопје

арх.бр:
дата:

До
ИН-ПУМА
Бул.„К.Ј.Питу" бр. 19/6-9, 1000 Скопје

Ваше упатување: Барање на податоци и информации
Наше контактлице: Лидија Темелковска Костуранова, Владо Новески
Телефон: +389 70 300 759
Во врска со: Известување за постојни и планирани тк инсталации за изработка на УПС

Почитувани
Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за постојни и планирани ТК инсталации за изработка на УПС ЕРЕКОВЦИ - Општина Прилеп, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат има постоечки ТК инсталации кои се аплицирани на графичкиот прилог.
Планерот треба да предвиди коридори за поставување на нова кабелска комуникациска инфраструктура на МКТ и пристапни точки за поврзување на објекти во опфатот, од двете страни на улиците, во тротоар.
Ова известување важи 6 (шест) месеци од денот на издавањето.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да преземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го отпраќа или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можна злоупотреба

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје
По овластување на
Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков

Makedonski Telekom CA, Nikolche Tasevski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Nikolche Tasevski
Date: 2020.05.22 09:57:59 +02'00'

Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост
Бр. 11-1619/2
30.07.2020 год.
Скопје

АД Водостопанство на РСМ-Скопје

ул. 3та Македонска бригада бр.10а Скопје тел. 02/3161-168;02/ 3223-772
vsm.rm @hotmail.com jpvodostopanstvo@yahoo.com /advodostopanstvo_rm@hotmail.com

До: ИН-ПУМА - Институт за урбанизам, сообраќај и екологија
Бул. К.Ј "Питу 19/6-9 П" -Скопје
Предмет: Известување
Врска: Ваш бр. 0301-187/5 од 02.07.2020 и наш бр. 1619 од 03.07.2020

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,

Во врска со вашето барање Ваш бр. 0301-187/5 и наш бр. 1619 за издавање податоци и информации за постоечки и планирани објекти и инсталации кои се во надлежност на АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје, а имаат влијание на постапката за изработка на Урбанистички план за село Ерековци со разработка на Блок 3, Општина Прилеп,

Ве известуваме:

АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје во рамките на планскиот опфат за изработка на Урбанистички план за село Ерековци со разработка на Блок 3, Општина Прилеп, нема свои објекти и инфраструктура.

Со почит,

Изготвил: Марјан Дојчиновски
Контролирал: Мирјана Чемкова
Одобрил: М-р Коста Малзарков

АД Водостопанство на РСМ – Скопје
Главен извршен директор
Ilmi Selami

Акционерско друштво Водостопанство на Р.М. во државна сопственост Скопје


P.ST
J38
J37
J41
J39
J40
J1
J2
J4
J3
J35
J36
J34
J6
J5
J32
J30
J31
J33
J12
J9
J8
J7
J14
J26
J24
J29
J13
J11
J10
J27
J25
J28
J17
J18
J16
J15
J23
J22
J21
J20
J19

[redacted]

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
“ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА “П Р И Л Е П
жиро сметка: 500000000432065 -Стопанска Банка А.Д.Битола
Ул.”А.Македонски” 559 Прилеп “ Телефони:(048) 421-775,Факс (048) 424-925
e-mail: vodovodpp@yahoo.com

==========

До

„ИН-ПУМА“ Институт за урбанизам,
сообраќај и екологија
Бул.„К.Ј.Питу“ бр.19/6-9 П.Фах 34
1000 Скопје, Македонија

Предмет: Одговор на барање

Врз основа на Вашето барање, бр. 0301-187/1 Ви ги доставуваме податоците со кои располагаме и истете се вцртани на приложената ситуација, кои Ви се потребни при изработка на УПС Ерековци со разработка на Блок, Општина Прилеп.

09.06.2020

Ј.К.П. Водовод и канализација
Прилеп

Liljana Nikoloska

Digitally signed by Liljana Nikoloska
DN: cn=Liljana Nikoloska c=MK o=Makedonski Telekom ou=JKP VODOVOD I KANALIZACIJA Prilep:4021003142266
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2020-06-09 16:41+02:00

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTAMENTI I UJËRAVE
Арх.бр. 11-3224/4
Дата: 15-09-2020

ДО: ИН ПУМА
Бул: К.Ј Питу бр. 19/6-9
Скопје

ПРЕДМЕТ: Известување од аспект на заштита на водите
Врска: Ваш бр.0301-187/6 од 02.07.2020 година.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на податоци и информации потребни во постапката за изработка на УПС Ерековци со разработка на Блок, општина Прилеп Ве известуваме за следното:
Од увидот во доставената ажурирана геодетска подлога со нанесен проектен опфат во хартиена и електронска (CD) форма и добиените информации од Службата за просторно информативен систем со бр. 16-3224/3 од 27.08.2020 година на површината која е предмет на планскиот опфат нема идентификувано водотеци и заштитни зони за водни тела, за кои треба да се предвидат мерки од аспект на заштита на водите.

Воедно Ве известуваме дека планскиот опфат е надвор од границите на планираните акумулации согласно Водостопанската основа на Република Македонија.
По однос на постојните водостопански објекти во склоп на системите за наводнување и системите за одводнување Ве известуваме дека надлежен правен субјект кој управува со истите е АД Водостопанство на Р.Македонија.

Во однос на местоположбата на постоечки или планирани инсталации на планираниот опфат, Ве информираме дека Министерството за животна средина и просторно планирање не може да се произнесе, од причини што не располага со таков вид на податоци и не управува со истите. Според одредбите од Законот за регистрација на подземни и надземните инфраструктурни објекти и придружни инсталации (Сл.Весник на Република Македонија бр.6/12) општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се одговорни да водат евиденција и да воспостават

Регистар на подземни и надземни инфраструктурни објекти и придружни инсталации, секоја за своето подрачје.

Истовремено Ви укажуваме дека планскиот опфат се наоѓа во границите на предложено подрачје за заштита "Пелагонија" и потребно е да прибавите мислење од Секторот за природа при Министерството за животна средина и просторно планирање.

Со почит,

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изготвил: Билјана Апостолова
Контролирал: Снежана Мартулкова
Согласен: Ylber Mirta
Одобрил: Xhezmi Saliu
Директор на Управа за животна средина

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост

бул. Климент Охридски бр.58 б, Скопје
тел. 02 6090-137
факс 02 6090-437
contact@mer.com.mk
www.mer.com.mk
ЕМБС: 6664903

До:
ИН-ПУМА ДОО Скопје

Предмет: Барање мислење

Врска: Барање мислење, ваш бр. 0301-187/1 од 12.05.2020 год.

Согласно вашето Барање за мислење, ПИМ за УПС ЕРЕКОВЦИ - Општина Прилеп, ваш бр. 0301-187/1 од 12.05.2020 год.

НЕР АД Скопје, Ве известува дека на наведениот плански опфат, нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

НЕР АД Скопје дава позитивно мислење.

Со почит,

Изработил:
Александар Апостолоски

Olivera Kostancheva

Digitally signed by Olivera Kostancheva
Date: 2020.05.26 10:49:23 +02'00'

НЕР АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем

Оливера Костанчева

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Ве известуваме дека на предвидениот плански опфат за изработка на планска документација како, Детален урбанистички план (ДУП); Генерален урбанистички план (ГУП); Урбанистички план за село (УПС); Урбанистички план за вон населено место (УПСВНМ); Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД); Државна урбанистичка планска документација (ДУПД); Архитектонско урбанистичка документација (АУП); Проект за инфраструктура (ПИ), нема траса на планиран и изведен гасовод.

Со почит,

ГА-МА АД Скопје

Извршни директори,

Радко Манов и Александар Арсиќ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ГА-МА СКОПЈЕ

Акционерско друштво ГАМА Скопје Бул. Св. Климент Охридски 54, 1000 Скопје, Македонија тел.: 02 3118 555 факс: 02 3117 110
Вкупен номинален капитал 37 612 500 еур

ГРАФИЧКИ ДЕЛ
ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=68.21ха

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЕРЕКОВЦИ

СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 3

ОПШТИНА ПРИЛЕП

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ПРЕДЛОГ ПЛАН М=1:2500



M - 1 : 2500

0 100m

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НОСИТЕЛ НА ПЛАНОТ: **ОПШТИНА ПРИЛЕП**

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЕРЕКОВЦИ, ОПШТИНА ПРИЛЕП, СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 3

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

УПРАВИТЕЛ: **НИКОЛИНА ШАНДЕВСКА д.г.и.**

Технички број: 28/2020

ДАТА: СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2020г

РАЗМЕР: Р=1: 2500

ЛИСТ БРОЈ: 1



ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=68.21ха
- ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА
- ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА
- ЛИНИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

КЛАСА НА НАМЕНА:

А ДОМУВАЊЕ
- А1 ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ

Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
- Б1 МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

В ЈАВНИ ИНСТИТУЦИ
- В1 ОБРАЗОВАНИЕ
- В5 ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ

Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
- Д4 МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

Е ИНФРАСТРУКТУРА
- Е1 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
- КОЛОВОЗ
- ТРОТОАР
- ЗЕМЈЕН ПАТ
- НЕУРЕДЕНА ЗОНА ОД УЛИЧНА МРЕЖА - ЗЕМЈА
- Е2 КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА - ТРАФОСТАНИЦА
- ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА
- Н3 НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЕРЕКОВЦИ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 3 ОПШТИНА ПРИЛЕП ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА ПРЕДЛОГ ПЛАН М=1:2500



ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НОСИТЕЛ НА ПЛАНОТ: **ОПШТИНА ПРИЛЕП**

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЕРЕКОВЦИ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 3, ОПШТИНА ПРИЛЕП

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
ЕЛЕНА АНДРЕЕВА
д.и.а овластување 0.0413

ПЛАНЕР:
ЉУБИЦА ЈОАКИМ
д.и.а овластување 0.0406

СОРАБОТНИЦИ:
МАЈА ЗАФИРОВСКА д.и.а

УПРАВИТЕЛ:
НИКОЛИНА ШАНДЕВСКА д.г.и.

РАЗМЕР:
P=1: 2500

Технички број: 28/2020
Knig:2020-01-Erekovci

ДАТА:
СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2020г

ЛИСТ БРОЈ: 2

УПС ЕРЕКОВЦИ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 3, ОПШТИНА ПРИЛЕП

ЦЕЛ ОПФАТ	БЛОК 1	197797.81m²	29.0%
	БЛОК 2	204634.63m²	30.0%
	БЛОК 3	94183.75m²	13.8%
	БЛОК 4	185519.01m²	27.2%
ВКУПНО		**682135.20m²**	**100.0%**



ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=68.21ха
- ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА
- ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА
- ЛИНИЈА НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА

КЛАСА НА НАМЕНА:

А ДОМУВАЊЕ
- А1 ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ

Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
- Б1 МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

В ЈАВНИ ИНСТИТУЦИ
- В1 ОБРАЗОВАНИЕ
- В5 ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИ

Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
- Д4 МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

Е ИНФРАСТРУКТУРА
- Е1 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
- КОЛОВОЗ
- ТРОТОАР
- ЗЕМЈЕН ПАТ
- НЕУРЕДЕНА ЗОНА ОД УЛИЧНА МРЕЖА - ЗЕМЈА
- Е2 КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА - ТРАФОСТАНИЦА
- ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА
- Н3 НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ

ВИД НА КОНСТРУКЦИЈА:
- СКЕЛЕТНА КОНСТРУКЦИЈА
- МЕШАНА КОНСТРУКЦИЈА
- МАСИВНА КОНСТРУКЦИЈА

СОСТОЈБА НА КОНСТРУКЦИЈА:
- ДОБРА СОСТОЈБА
- СРЕДНА СОСТОЈБА
- ЛОША СОСТОЈБА

УПС ЕРЕКОВЦИ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 3, ОПШТИНА ПРИЛЕП		
А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ	231447.56m²	33.9%
Б1 - МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	848.60m²	0.10%
В1 - ОБРАЗОВАНИЕ	8867.32m²	1.3%
В5 - ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ	2749.43m²	0.4%
Д4 - МЕМОРИЈАЛНИ СПОМЕНИЦИ	2659.88m²	0.4%
Н3 - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	377570.49m²	55.4%
Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА-СООБРАЌАЈ	58191.92m²	8.5%
ВКУПНО ПОСТОЈНИ НАМЕНИ	**682135.20m²**	**100.0%**

бр. на катастарска парцела	објект	површина на парцела m²	површина под објект m²	вкупна површина под објект m²	катност	развиена бруто површина m²	вкупна развиена бруто површина m²	процент на изграденост	коефициент на искористеност	вид на конструкција	класа на намена	состојба
1892	1.01	216.31m²	33.24m²	33.24m²	П	33.24m²	33.24m²	15%	0.15	МА	А1	Л
1893	1.02.1	1252.55m²	102.13m²	167.47m²	П+Пк	204.26m²	269.59m²	13%	0.22	СК	А1	Д
	1.02.2		65.34m²		П	65.34m²				МА	А1	Л
1896	1.03	326.73m²	70.23m²	70.23m²	П	70.23m²	70.23m²	21%	0.21	МА	А1	Л
1897	1.04	749.76m²	57.19m²	57.19m²	П	57.19m²	57.19m²	8%	0.08	МА	А1	Л
1902	1.05	1379.69m²	67.11m²	67.11m²	П	67.11m²	67.11m²	5%	0.05	МА	А1	Л
1908	1.06	351.00m²	35.23m²	35.23m²	П	35.23m²	35.23m²	10%	0.10	МА	А1	Л
1904	1.07.1	1203.84m²									РУШЕВИНА	
	1.07.2		39.28m²	39.28m²	П	39.28m²	39.28m²	3%	0.03	МА	А1	Л
1909	1.08.1	1252.55m²	58.44m²	118.68m²	П	58.44m²	118.68m²	9%	0.09	МЕ	А1	С
	1.08.2		60.24m²		П	60.24m²				МА	А1	Л
1912	1.09	1303.38m²	27.45m²	27.45m²	П	27.45m²	27.45m²	2%	0.02	МА	А1	Л
1911	1.10	1643.30m²	70.33m²	70.33m²	П	70.33m²	70.33m²	4%	0.04	МА	А1	С
1917	1.11.1	1754.10m²	82.82m²	163.33m²	П	82.82m²	163.33m²	9%	0.09	МА	А1	Л
	1.11.2		80.50m²		П	80.50m²				МА	А1	Л
1919	1.12	1167.74m²	114.88m²	114.88m²	П	114.88m²	114.88m²	10%	0.10	МЕ	А1	Л
1924	1.13	970.27m²	80.67m²	80.67m²	П	80.67m²	80.67m²	8%	0.08	МА	А1	Л
1928	1.14	904.79m²	70.92m²	70.92m²	П	70.92m²	70.92m²	8%	0.08	МА	А1	Л
1929	1.15	276.88m²									РУШЕВИНА	
1931	1.16	555.60m²	155.68m²	155.68m²	П	155.68m²	155.68m²	28%	0.28	СК	А1	Д
1927	1.17	1112.39m²	36.19m²	36.19m²	П	36.19m²	36.19m²	3%	0.03	МА	А1	Л
1916	1.18	930.80m²	86.18m²	86.18m²	П	86.18m²	86.18m²	9%	0.09	МА	А1	Л
1915	1.19	380.80m²	53.01m²	53.01m²	П	53.01m²	53.01m²	14%	0.14	МА	А1	Л
1933	1.20	296.88m²	35.00m²	35.00m²	П	35.00m²	35.00m²	12%	0.12	ME	А1	С
1934	1.21	1321.25m²	44.41m²	44.41m²	П	44.41m²	44.41m²	3%	0.03	ME	А1	С
1937	1.22	1102.10m²	39.11m²	39.11m²	П	39.11m²	39.11m²	4%	0.04	ME	А1	С
1901	1.23	3881.58m²	59.15m²	59.15m²	П	59.15m²	59.15m²	2%	0.02	МА	А1	Л
1898	1.24	1669.94m²	131.44m²	131.44m²	П	131.44m²	131.44m²	8%	0.08	МА	А1	Л
1890	1.25	1333.49m²	94.12m²	94.12m²	П	94.12m²	94.12m²	7%	0.07	МА	А1	Л
1948/1	1.26	1464.08m²	85.86m²	85.86m²	П	85.86m²	85.86m²	6%	0.06	ME	А1	С
1955	1.27	735.05m²	64.05m²	64.05m²	П	64.05m²	64.05m²	9%	0.09	МА	А1	Л
1953	1.28	1417.36m²	79.28m²	79.28m²	П	79.28m²	79.28m²	6%	0.06	ME	А1	С
1952	1.29	1167.68m²	37.38m²	37.38m²	П+1	74.76m²	74.76m²	3%	0.06	МА	А1	Л
1949	1.30	810.99m²	40.45m²	40.45m²	П	40.45m²	40.45m²	5%	0.05	МА	А1	Л
	СООБРАЌАЈ	16373.99m²										
	НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	44876.89m²										
ВКУПНО БЛОК 3		**94183.75m²**	**2157.31m²**	**2157.31m²**		**2296.82m²**	**2296.82m²**	**2%**	**0.02**			

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЕРЕКОВЦИ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 3 ОПШТИНА ПРИЛЕП

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА ПРЕДЛОГ ПЛАН M=1:1000



M - 1 : 1000
0 100m

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НОСИТЕЛ НА ПЛАНОТ: **ОПШТИНА ПРИЛЕП**

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЕРЕКОВЦИ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 3, ОПШТИНА ПРИЛЕП

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ (Блок 3)

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
ЕЛЕНА АНДРЕЕВА
д.и.а овластување 0.0413

ПЛАНЕР:
ЉУБИЦА ЈОАКИМ
д.и.а овластување 0.0406

СОРАБОТНИЦИ:
МАЈА ЗАФИРОВСКА д.и.а

УПРАВИТЕЛ:
НИКОЛИНА ШАНДЕСКА д.г.и.

РАЗМЕР: P=1:1000

Технички број: 28/2020

ДАТА: СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2020г

ЛИСТ БРОЈ: 2.1



ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=68.21ха
- ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА
- ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА

Е ИНФРАСТРУКТУРА

- Е1 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
- ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- ПОСТОЈНА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА
- ЕЛЕКТРИКА ПОСТОЈНА
- НАДЗЕМНИ ПОСТОЈНИ ВРСКИ 10kV
- ПОДЗЕМЕН ПЛАНИРАН ВОД 10(20)KV

- КОЛОВОЗ
- ТРОТОАР
- ЗЕМЈЕН ПАТ
- НЕУРЕДЕНА ЗОНА ОД УЛИЧНА МРЕЖА - ЗЕМЈА

Е2-КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА

- ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЕРЕКОВЦИ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 3 ОПШТИНА ПРИЛЕП

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ПРЕДЛОГ ПЛАН M=1:2500



ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НОСИТЕЛ НА ПЛАНОТ: **ОПШТИНА ПРИЛЕП**

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЕРЕКОВЦИ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 3, ОПШТИНА ПРИЛЕП

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
ЕЛЕНА АНДРЕЕВА
д.и.а овластување 0.0413

ПЛАНЕР:
ЉУБИЦА ЈОАКИМ
д.и.а овластување 0.0406

СОРАБОТНИЦИ:
МАЈА ЗАФИРОВСКА д.и.а

УПРАВИТЕЛ: **НИКОЛИНА ШАНДЕВСКА д.г.и.**		РАЗМЕР: Р =1:2500
Технички број: 28/2020	ДАТА: СКОПЈЕ,ОКТОМВРИ 2020г	ЛИСТ БРОЈ: 3



ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=68.21ха
- ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА
- ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА
- ЛИНИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

E ИНФРАСТРУКТУРА

- E1 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
- КОЛОВОЗ
- ТРОТОАР
- ЗЕМЈЕН ПАТ
- ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- ЕЛЕКТРИКА ПОСТОЈНА
- ПОДЗЕМНИ ВРСКИ 10kV
- НАДЗЕМНИ ВРСКИ 10kV
- НАДЗЕМНИ ВРСКИ 0.4kV

Легенда :

- граница на градежен опфат
- граница на КП
- 570/2 број на КП
- новоизградени објекти
- станбен објект
- верски објект - црква
- 600.063 апсолутна кота на терен
- столбен трансформатор
- падни линии
- 4 ливада класа 4
- 3 овоштарник класа 3
- 4 пасиште класа 4
- dv дворно место
- Н 4 нива класа 4
- знак за припадност
- ГОРНИ ЧАИР место викано
- река
- јавен пат
- шк. школо
- гробишта
- 4 електричен далековод

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЕРЕКОВЦИ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 3 ОПШТИНА ПРИЛЕП

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ПРЕДЛОГ ПЛАН M=1:1000

N 85‰
NE 104‰
NW 41‰
W 60‰
c=30
E 57‰
SE 83‰
S 66‰
SW 196‰

M - 1 : 1000
0 100m

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НОСИТЕЛ НА ПЛАНОТ: **ОПШТИНА ПРИЛЕП**

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЕРЕКОВЦИ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 3, ОПШТИНА ПРИЛЕП

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА (за Блок 3)

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
ЕЛЕНА АНДРЕЕВА
д.и.а овластување 0.0413

ПЛАНЕР:
ЉУБИЦА ЈОАКИМ
д.и.а овластување 0.0406

СОРАБОТНИЦИ:
МАЈА ЗАФИРОВСКА д.и.а

УПРАВИТЕЛ: **НИКОЛИНА ШАНДЕВСКА д.г.и.**
Техничен број 28/2020
ДАТА: СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2020г.
РАЗМЕР: Р =1:1000
ЛИСТ БРОЈ: 3.1

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД, ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ОПШТИНА НА КОЈА ПРИПАЃА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Предмет на задачата е изработка на Урбанистички план за село Ерековци со разработка на блок 3, Општина Прилеп.

Планскиот опфат го опфаќа селото Ерековци, на подрачјето на КО Ерековци во Општина Прилеп. За конкретниот плански опфат, нема претходно изработена урбанистичко планска документација, што Министерството за животна средина и просторно и планирање издава Решение за Условите за планирање на просторот со број бр. УП1-15 1496/2019 од 27.05.2019 година.

Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Ерековци со разработка на блок 3, Општина Прилеп, изработени од Агенцијата за планирање на просторот се со тех. бр. Y16119 ќе бидат основа за изработување на урбанистичкиот план.

Планскиот период на Урбанистичкиот план за село е 2020 – 2030, во склад со одредбите на Член 43 од Законот.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 68,21ха.

Подрачјето на планскиот опфат е на територија на Општина Прилеп.

Планот е усогласен со најновата законска регулатива како што е: Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко – плански документации и архитектонско – урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Службен весник на Република Македонија, број 142/15).

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Согласно програмските проекции на Општина Прилеп и изработената Планска програма, со овој Урбанистички план за село се планираат наменски зони со следните основни класи на намени:

А1 – Домување во станбени куќи
А1 – Домување во станбени куќи – со селскостопански дворови
Б1- Мали комерцијални и деловни намени
В1 – Образование (Основно училиште)
В2 – Детска градинка
В2 – Здравствен дом
В3 – Културен центар
В5 – Верски институции
Д1 – Парковско зеленило
Д2 – Заштитно зеленило
Д3 – Спорт и рекреација
Д4 – Меморијални простори
Е1 – Комунална инфраструктура (Сообраќајни коридори)
Е2 –Комунална супраструктура (Трафостаница)

Површината на планскиот опфат е делумно изградено земјиште, при што во постојна состојба доминираат градбите со основна класа на намена А1 – Домување во станбени куќи. Со планот се планираат наменски зони со кои се почитува оваа постојна состојба.

Извршена е и поделба на блокови, чии што граници се движат по осовините на планираните улици како и граници на наменски зони. Во рамките на опфатот формирани се 4 блокови, од кои детално ќе се разработува блок 3, а останатите ќе се разработуваат на ниво на наменска зона.

Планираната сообраќајна мрежа е усогласена со законската регулатива. Предвидени се, станбени и пристапни улици преку кои се овозможува пристап до секоја наменска зона како и до секоја градежна парцела од блок 3, како блок за детална разработка.

Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај за сите класи на намени, потребите за паркирање за градежните парцели ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) како услов за градење при издавање на Одобрението за градење.

Извршена е и поделба на блокови, чии што граници се движат по осовините на планираните улици и граници на наменски зони. Во рамките на опфатот формирани се 4 блокови.

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Со Урбанистички план за село Ерековци со разработка на блок 3, Општина Прилеп, со плански период 2020-2030, на предметниот локалитет се предвидуваат зони со класа на намена:

А – ДОМУВАЊЕ

А1 – Домување во станбени куќи
А1 – Домување во станбени куќи – со селскостопански дворови

Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б1 – Мали комерцијални и деловни намени

В – ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

В1 – Образование (Основно училиште)
В2 – Здравствен дом
В2 – Детска градинка
В3 – Културен дом
В5 – Верски институции

Д – ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д1 – Парковско зеленило
Д2 – Заштитно зеленило
Д3 – Спорт и рекреација
Д4 – Меморијални простори

Е - ИНФРАСТРУКТУРА

Е1 – Комунална инфраструктура (Сообраќајни коридори)
Е2 – Комунална супраструктура (Трафостаница)

Предвидениот концепт се надоврзува на постојната состојба, реалните потреби на крајните корисници и програмските проекции зададени од Општина Прилеп.

Извршена е поделба на планскиот опфат на 4 блокови, кои претставуваат логични целини и чии што граници се движат по осовините на планираните улици и граници на наменски зони.

Планирани се наменски зони со одредени основни класи на намена, во склад со членовите 24 – 33 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) .

Планирани се регулациони линии, како линии на разграничување помеѓу градежното земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба, а во сè во склад со членовите 13, 14 и 15 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Согласно Член 12 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), не се утврдуваат градежни парцели и површини за градење, а катастарската парцела претставува градежна парцела.

3.1. ЕДИНИЦИ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Планскиот опфат дефинира една урбана целина и се соодветно нумерирани во графичките прилози со арапска цифра.

Планскиот опфат е дефиниран во 4 блокови кои се состојат од градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба. Блоковите се планирани на начин да претставуваат логични целини, а нивните граници се движат по осовините на планираните улици и граници на наменски зони.

Во границите на предметниот просторен опфат во рамките на блокот за разработка - Блок 3, извршена е поделба и обележувањето на градежните парцели со нумерација на секоја градежна парцела посебно и тоа со арапски цифри, при што првата цифра ја означува целината како урбан блок, а втората е единствена ознака за самата парцела; на пр. ГП3.01 е градежна парцела 1 во рамките на блок 3.
Според оваа нумерација се изработени урбанистички параметри за секоја градежна парцела поединечно, на ниво на опфат и на ниво на планскиот опфат прикажани во синтезниот приказ.

Во останатите три блокови, градежни парцели и површини за градење не се утврдуваат, а **катастарската парцела претставува градежна парцела**. По исклучок, при понатамошна разработка – преку изработка на архитектонско – урбанистички проекти можно е да се формираат градежни парцели од две или повеќе катастарски парцели или во рамките на една катастарска парцела може да се формираат две или повеќе градежни парцели, а во согласност со Член 12 и Член 51 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).

3.2. КЛАСА НА НАМЕНИ

Со Планот се утврдени наменски зони со следните класи на намени:

А – ДОМУВАЊЕ

А1 – Домување во станбени куќи – зона за земјоделски домаќинства, селско стопански дворови

Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б1 – Мали комерцијални и деловни намени

В – ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

В1 – Образование (Основно училиште)
В2 – Здравствен дом
В2 – Детска градинка
В3 – Културен центар
В4 – Верски институции

Д – ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д1 – Парковско зеленило
Д2 – Заштитно зеленило
Д3 – Спорт и рекреација
Д4 – Меморијални простори

Е - ИНФРАСТРУКТУРА

Е1 – Комунална инфраструктура (Сообраќајни коридори)
Е2 – Комунална супраструктура (Трафостаница)

Класите на намени се впишани на самата наменска зона за секоја од нив поединечно.

Согласно Член 32 и Прилог 1 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) , за наменските зони со основна класа на намена, одредени се и компатибилни класи на намена и тоа како што следи:

3.2.1. За сите наменски зони со основна класа на намена **А1** - Домување во станбени куќи и **А1** - Домување во станбени куќи-селско стопански двор, одредени се следниве компатибилни класи на намена:

- **Б1** – Мали комерцијални и деловни намени, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 30%,
- **В1 –** Образование, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 30%,
- **В2 –** Здравство и социјална заштита, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 30%,
- **Д3** – Спорт и рекреација, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 30%,
- **Б5** – Хотелски комплекси, со максимално дозволен процент на учество во ооднос на основната класа на намена од 5% и
- ***Г2** – Лесна и незагадувачка индустрија, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 5%.

Максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена е 30%.

3.2.2. За сите наменски зони со основна класа на намена **Б1** - Мали комерцијални и деловни намени, одредени се следниве компатибилни класи на намена:

- **А1** – Домување во станбени куќи, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 20%,
- **А3** – Групно домување, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 20%,

- **Б4** – Деловни простории, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 20%,

Максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена е 40%.

3.2.3. За сите наменски зони со основна класа на намена **В1** – Образование и наука, одредени се следниве компатибилни класи на намена:

- **А3** – Групно домување, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 20%,
- **Б1 -** Мали комерцијални и деловни намени, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 10%,
- **Б4** – Деловни простории, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 10%,
- **В3** – Култура, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 20%,
- **Д3 –** Спорт и рекреација**,** со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 20%.

Максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена е 20%.

3.2.4. За сите наменски зони со основна класа на намена **В2** –Здравство и социјална заштита, одредени се следниве компатибилни класи на намена:

- **Б5** –Хотелски комплекси, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 20%,
- **Б1 -** Мали комерцијални и деловни намени, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 10%,
- **Д3** – Спорт и рекреација**,** со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 20%.
- **Б4** – Деловни простори, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 20%,

Максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена е 20%.

3.2.5. За сите наменски зони со основна класа на намена **В3** –Култура, одредени се следниве компатибилни класи на намена:

- **Б5** –Хотелски комплекси, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%,
- **Б1 -** Мали комерцијални и деловни намени, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%,

- **Д3** – Спорт и рекреација**,** со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%.

- **Б4** – Деловни простори, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%,

- **Б2** – Големи трговски единици, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%,

- **В1** – Образование, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%,

- **В4** – Државни институции, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%,

- **В2** – Здравство и социјална заштита, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%,

Максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена е 20%.

3.2.6. За сите наменски зони со основна класа на намена **В5** – Верски институции, одредени се следниве компатибилни класи на намена:

- **Б5** – Хотелски комплекси, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 10%,

- **Б1 -** Мали комерцијални и деловни намени, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 10%,

- **Д1** – Парковско зеленило, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 10%,

- **Д3** – Спорт и рекреација, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 40%,

- **Д4 –** Меморијални простори**,** со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 49%.

Максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена е 49%.

3.2.7. За сите наменски зони со основна класа на намена **Д1** – Парковско зеленило, одредени се следниве компатибилни класи на намена:

- **Б1 -** Мали комерцијални и деловни намени, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 10%,

- **Д3** – Спорт и рекреација, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 10%,

Максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена е 10%.

3.2.8. За сите наменски зони со основна класа на намена **Д3** –Спорт и рекреација, одредени се следниве компатибилни класи на намена:

- **А4 –** Времено сместување, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 20%,
- **Б1 -** Мали комерцијални и деловни намени, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 10%,
- **Б2** – Големи трговски единици, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 30%
- **Б3** – Големи угостителски единици, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 10%
- **Б4** – Деловни дејности, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 10%
- **Б5** – Хотелски комплекси, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 20%
- **Б6** – Простори за собирање, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 30%
- **В3** – Култура, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 20%
- **Д1** –Парковско злеенилоа, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 10%,

Максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена е 10%.

3.2.9. За сите наменски зони со основна класа на намена **Д4** – Меморијани простори, одредени се следниве компатибилни класи на намена:

- **Б5 –** Верски институции, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 40%,

Максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена е 40%.

Заради флексибилност на планот, одредени се и компатибилни класи на намени, во однос на основната класа на намена, со одреден максимален процент на учество во однос на основната класа на намена, а во согласност со одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) .

Компатибилните класи на намена и максималниот дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена се наведени во табеларните прикази, како и во посебните услови на Планот, за секоја градежна парцела поединечно.

Овој систем на основни класи на намени и компатибилни класи на намени се спроведува при реализација, при изработка на основни проекти во случаите кога градежна парцела претставува катастарската парцела, но и во случаите кога се формираат градежни парцели и површини за градење со изработка на архитектонско – урбанистички проекти.

За сите наменски зони со основна класа на намена **А1** – Домување во станбени куќи, при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела и при изработка на архитектонско – урбанистички проекти со кои се дефинираат градежни парцели, дозволени се следниве урбанистички параметри:

- максимален процент на изграденост е 70%,
- максимален коефициент на искористеност е 2,80,
- максимална височина до хоризонталниот венец на градбите изнесува 10,20m и
- максимална катност на градбите е П+2+Пк.

Процентот на озеленетост во рамките на парцелите од сите наменски зони освен Е2 – Комунална супраструктура (Трафостаници) потребно е да изнесува минимум 20%.

Котата на приземната плоча ќе се одреди во понатамошните фази на разработка, при изработка на архитектонско – урбанистички проекти и / или основни проекти за градбите, почитувајќи ги одредбите на Член 42 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) .

3.3 ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА

1. Во рамки на Блокот 3 планирани се 55 објекти со намена домување во станбени куќи со по три станбени единици односно 165 семејства (594 жители во Блок 3) по 3.6 членови по домаќинство. Во Блок 3 има 63ж/ха
2. Блок 1 се предвидува да има 1014ж, Блок 2 се предвидува да има 933ж и Блок 4 да има 1058

3.4. СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

Сообраќајниот концепт за локалитетот кој е предмет на изработка на овој Урбанистички план за село е поставен врз основа на постојната состојба, програмските проекции зададени од Општина Прилеп и со Условите за планирање и истиот ќе биде изработен врз основа на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Со овој план дефинирани се трасите и профилот на **сервисна улица низ населено место–село**: „Новопланирана 1"**, станбените улици**: „Новопланирана 2", „Новопланирана 3", „Новопланирана 4", „Новопланирана 5", „Новопланирана 6", „Новопланирана 7", „Новопланирана 8", „Новопланирана 9", и **пристапни улици**, ул. „Новопланирана 10", ул. „Новопланирана 10а", ул. „Новопланирана 10б", ул. „Новопланирана 11", ул. „Новопланирана 12", ул. „Новопланирана 13", како дел од секундарната сообраќајна мрежа и тоа:

1. Сервисна улица низ населено место-село, ул. „ Новопланирана 1":

- Коловоз.....7,00м(2х3,50m)
- тротоари.....5,50м(2,70m+2,80m)

Вкупно: 12,50m

2. Станбена улица, ул. „ Новопланирана 2-9":

- Коловоз.....5,50м(2х2,75m)

- тротоари.....3,00м(2x1,50m)

Вкупно: 8,50m

3. Пристапна улица, ул. „ Новопланирана 10-13“:

- Коловоз.....5,50м(2x2,75m)

Вкупно: 5,50m

4. Пешачка улица, ул. „ Новопланирана 14-15“:

- Коловоз.....6,00м(2x3,00m)

Вкупно: 6,00m

ПРОФИЛИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ:

СЕРВИСНА УЛИЦА



СТАНБЕНИ УЛИЦИ





ПРИСТАПНИ УЛИЦИ





СТАНБЕНИ УЛИЦИ

ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ



Вкупната површина на опфатот изнесува **68,21ха**, од која **5,87ха** се јавни сообраќајни површини.

Комплетна сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална, треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Пресметката за обезбедување на доволен број на паркинг места се утврдува според следните нормативи:

А1 - Домување во станбени куќи

-за станбени куќи по едно паркинг место на една станбена единици;

Б1 - Мали комерцијални и деловни намени

-за продавници дуќани и сл. Едно паркинг место на 60м2 од вкупно изградената површина;

В1 - Образование и наука

- за основно и средно образование 1 паркинг место на секои 100 м2 од вкупно изградена површина

В2 -Здравство и социјална заштита

- за здравствени установи -1 паркинг место на секои 60м2 вкупно изградена површина, за социјални установи и детски граднки по 1 паркинг место на секои 120м2 вкупно изградена површина

В3 – Културен центар

- Потребен број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите на градбата и специфичните улсови кои произлегуваат од нејзината намена и програмски барања.

В5 - Верски институции

- Потребниот број паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата;

Д3 – Спорт и рекреација

- Потребниот број паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата;

Д4 - Меморијални простори

- Потребниот број паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од специфичните потреби и услови;

Рампите за пристап до паркиралиштата и гаражите да се проектираат согласно член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) .

Паркирањето првенствено да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) .

3.5. НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ

Со изработка на урбанистичкиот план за село, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивелманското решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот.

Во најголема мерка се почитува природниот пад на теренот. Сепак, бидејќи се работи за терен кој не е рамен, нивелетското решение предвидува извесни отстапувања од постојната нивелета, како би се обезбедил минимален пад од 0,3%.

Подолжните наклони на сите сообраќајници се движат во границите на дозволените, со вредности меѓу 0,30% и 12,00%.

3.6. ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Изградбата на инфраструктурни објекти и водови е планирана според изработен проект за инфраструктура, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

Вкупната површина на опфатот изнесува 68.21ха.

Во планскиот опфат има евидентирано две трафостаници на дел од КП 1806/2 за која е предвидена дислокација и на КП 1790/2 и истата е потврдена во наменска зона со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура (Трафостаница).

Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи и ќе се развива во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на проекти за инфраструктура, архитектонско – урбанистички проекти и идејни и основни проекти за електрична мрежа.

УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа „В-2”, споредни, локални

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри.

„В-2“ (С)

•	сјајност на коловозот L_m=1-1,5cd/m²
средна погонска осветленост	E_{sr} = 15-25Lx
просечна рамномерност	jr = 40%
висина на монтажа на светилките	H=8m
светлосен извор	VTFE-250W
начин на поставување	еднореден

начин на поставување двореден (еднореден).

ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

